РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 18-880/1
30.03 2018 год.
КОЧАНИ

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кочани |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубинка Ајтовска, виш соработник за односи со јавноста и координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | 2017 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | март 2018 година |

**Дата,**
**30.3.2018 г.**

**Име и презиме: Николчо Илијев, градоначалник на Општина Кочани**
**(Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

**Потпис:**

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

**Позитивна мерка: Препорака за спроведување позитивни мерки за еднаква застапеност на жените и мажите во комисиите на Советот на Општина Кочани**

Програмски мерки: воведување на родово сензитивни мерки во Програмата за социјална, здравствена и детска заштита и во Програмата за спорт. Во Програмата за социјална, здравствена и детска заштита се определија финансиски средства во висина од 30.000 денари за рано откривање на тешки болести кај социјално ранливите категории ( за жените и за мажите). Во Програмата за спорт се определија 40.000 денари за поддршка на формирање женски спортски клубови или здруженија. Во Програмата за уредување на градежно земјиште се определија 100.000 денари за прилагодување на тротоарите во централното градско подрачје за инвалидизирани лица и лица кои користат колички за бебиња.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**
Во врска со поzтивната мерка, зголемен е бројот на жените, членови на комисиите од Советот, каде досега немало воопшто жени:
Во врска со програмските мерки, резултатот ќе може да се измери на крајот на 2018 година.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**
Од мерката според Програмата за детска, социјална и здравствена заштита, тоа е бројот на реализирани лабораториски анализи за рано откривање тешки болести кај жените и кај мажите;
Од мерката според Програмата за спорт тоа е бројот на формирани женски спортски клубови или спортски здруженија.
Од Програмата за уредување на градежно земјиште, тоа е бројот на пристапни рабници што ќе се изградат на тротоарите и улиците во Кочани.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
**Документи:**
Состав на комисиите во Советот на Општина Кочани 2016 година, според родова еднаквост;
Состав на комисиите во Советот на Општина Кочани 2017 година, според родова еднаквост.

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

Вклучување на принципот на еднакви можности во Буџетот на Општина Кочани за 2018 година преку неколку програми на Општина Кочани. Иницијативите се реализирани со Проектот за промоција на родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање на UN Women.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

**Предвидени финансиски средства:**
**30.000 денари во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита** за прегледи со анализи за превентивно откривање на болести кај жените и мажите (за социјално ранливите категории во Кочани);
**40.000 денари во Програмата за спорт,** за формирање женски спортски клубови и обезбедување попусти за користење на спортските сали и други спортски терени;
**100.000 денари во Програмата за уредување на градежното земјиште** за прилагодување на тротоарите во централното градско подрачје за инвалидизирани лица и лица кои користат колички за бебиња;
Средства од проектот *Промоција на родово одговорни политики и буџети во Југоисточна Европа* на *UN Women,* за изработка, печатење и промоција на Стратегија за развој на Општина Кочани;

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Индикатори за следење на успешноста на оваа иницијатива е висината односно процентот на реализираните средства од Буџетот на ЕЛС за предвидените активности.

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

Документираните резултати ќе бидат видливи во 2018 г.
Засег тоа е само Акцискиот план за еднакви можности за 2018 година каде што се алоцирани мерките, активностите и индикаторите на успешност.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Во 2017 година потпишан е договор помеѓу Општина Кочани и UN Women за реализација на проектот *Промоција на родово одговорни политики и буџети во Југоисточна Европа.*
Во 2017 година нема активност со социјални партнери и граѓански здруженија активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи**

итн.

**2.12.Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**

Да.

**2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

1. Преземени се активности за зголемување на родовата статистика во Општина Кочани;
2. Покрената е иницијатива за потпишување на Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план;**

1. Зголемен број родово разделени статистички податоци;

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

1. Родовата статистика е проширена кај институциите во надлежност на ЕЛС

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

1. Тоа се средства за плати за административните службеници кои се задолжени за извршување на работите поврзани со еднаквите можности (координаторката и заменик-координаторот)

**2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Да.

**2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**

1. Работилница за родово одговорно буџетирање ( UN Women и ЗЕЛС), 20.9.2017 г.;
2. Обука за родово одговорно буџетирање, Струга од 26 - 29 септември 2017, Струга

**Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**А) слушател/слушателка**

**Б) обучувач/обучувачка**

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

Работилница во организација на ЗЕЛС на тема: „Родово одговорни политики и буџети" (14 и 15 април 2016 г., Берово)

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

Тие се пренесуваат преку внатрешни состаноци во рамките на единицата на локалната самоуправа, со писмени извештаи и споделување материјали.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

- Иницијатива за потпишување на Европската повелба за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво;
- Иницијатива за проширување на родово разделените податоци од ЕЛС;
- Иницијатива за формирање Интерсекторска група во Општина Кочани;
- Иницијатива за спроведување охрабрувачки мерки според Законот за еднакви можности за социјално ранливите категории: лабораториски услуги за рано откривање тешки болести.

2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Беа прифатени сите иницијативи, дел од нив ќе се реализираат во 2018 г.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Се соочивме со политичката волја како еден од најголемите предизвици во спроведувањето на еднаквите можности и со позитивните мерки за еднаква застапеност на жените и мажите во комисиите на Советот на Општина Кочани, што како препорака беше прифатена од Советот, жените влегоа во состав на комисиите за сообраќај, финансирање и сл.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Пример за добра пракса: Препораката за спроведување позитивни мерки за еднаква застапеност на жените и мажите во комисиите на Советот на Општина Кочани.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Родовата статистика и родовите индикатори се база во исполнувањето на родовите цели, на потребите и интересите за градење политики.

Задолжителна потреба е добро организираната статистика во секоја единица на локалната

самоуправа.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Акцискиот план предвидува реализација на планираните активности во кои се прецизирани родово сензитивни мерки во неколку програми. Тие ќе придонесат за намалување на нееднаквоста меѓу жените и мажите, за отстранување на родовите стереотипи, за позитивни промени во алокацијата на буџетските средства заради родов баланс.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
Комисијата е формирана во 2006 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол** - 4 жени, 1 маж
**б) Образование** - 2 магистри; 3 ВСС
**в) Етничка припадност** – 5 Македонци
**г) Припадност на политичка партија** - 2 - ВМРО-ДПМНЕ, 1 – СДСМ, 1 ДОМ, 1 ЛДП

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС**
**б) во донесување на буџет на ЕЛС**
**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС**

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Препорака за спроведување позитивни мерки за еднаква застапеност на жените и мажите во комисиите на Советот на Општина Кочани.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за**

**работа?**

Не.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата нема одржано тематски состаноци.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Задолжителна систематизација на координаторот за еднакви можности како административен службен во ЕЛС.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Формирање задолжителна интерсекторска група во ЕЛС со цел да се зголемат знаењата на високите раководни лица, а со тоа и да се создадат повеќе можности за имплементација на стратешките односно програмските политики и цели.